Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сложбен весник на РМ“ бр,5/02), член 22а од Законот за спорт („Службен весник на РМ“ бр.29/02 и 66/04), како и член 71, став 1, точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

**ИЗВЕШТАЈ**

**За реализација на Програмата за активности на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2024 година**

Согласно Програмата за активности на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2024 година (во понатамошниот текст-Програма), беа планирани да се постигнат следните цели:

- Создавање услови за реализирање на спортски-рекреативни активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани,
- Афирмација на Општина Демир Хисар во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активност.
- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортски-рекреативниот живот во општината.

За таа намена со Програмата беа предвидени средства во висина од 293.000,00 денари. Со третиот ребаланс во 2024 година, овие средства се утврдени на износ од 183.000,00 денари. Активностите утврдени со Програмата беа предвидени да се финансираат со средства од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година.

Согласно со Програмата, финансиски беа поддржани проектни активности на 2 (два) спортски клуба и за истите вкупно се исплатени 150.000,00 денари.

Листата на исплати е составен дел на овој Извештај.

**Бр. 08-_____/___** **Општина Демир Хисар**

**___.___.2025 година** **Градоначалник**

**Демир Хисар** **Никола Најдовски**

| Р.БР | ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕ | БАРАЊЕ | ОДОБРЕНО/ИЗНОС (денари) |
|---|---|---|---|
| **1** | ФК ДЕМИР ХИСАР | ФИНАНСИСКА ПОМОШ | 130.000.00 |
| **2** | ФК МЛАДОСТ ПОЛЕТ - ДЕМИР ХИСАР | ФИНАНСИСКА ПОМОШ | 20.000.00 |
| | | **ВКУПНО** | **150.000.00** |